**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), а во врска со член 12 и член 45 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр.81/05), член 192 од Изборниот законик и Упатството за медиумско претставување за време на референдум бр. 01-3764/1 од 17.08.2018 година, се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.09.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4242 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над медиумското претставување за време на референдум

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: 25 септември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 27 септември 2018 година

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Точка 23 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, а во врска со член 77 став 1 од Изборниот законик** („Резултати од испитувања на јавното мислење во врска со референдумот смее да се објавуваат најдоцна пет дена пред датумот одреден за гласањето.")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 25 септември 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на точка 23 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум**.

Имено, 1 ТВ, на 25 септември 2018 година, во повеќе наврати ги објави резултатите од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ, откако заврши дозволениот период за нивно емитување, најдоцна пет дена пред датумот одреден за гласањето, односно во конкретниов случај до 24-ти септември 2018 година.

**25.09.2018**

| Емисија | Емитувана содржина | Време на емитување на содржината |
|---|---|---|
| „Една минута на 1 ТВ" (реприза) | Резултати од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ, како тема за дискусија со гледачите. | 05:40:21 -05:47:35 |

| | | |
|---|---|---|
| Вести (реприза) | Прилог за Резултати од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ. | 06:11:31- 06:14:20 |
| Отворено студио 1 (реприза на разговорот со министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, Филип Стојановски од Фондацијата „Метаморфозис" и Владислав Бадиков, ИТ експерт) | Во дел од разговорот се прикажуваат и се анализираат резултатите од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ. | 07:38:40- 07:45:00 |
| Вести (реприза) | Прилог за Резултати од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ. | 08:05:10- 08:07:42 |
| „Една минута на 1 ТВ" (реприза) | Резултати од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ, како прашање за дискусија со гледачите. | 09:06:23- 09:13:36 |
| Вести (реприза) | Прилог за Резултати од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ. | 10:00:23- 10:02:55 |

7. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на одредбите од точка 23 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, а во врска со член 77 став 1 од Изборниот законик**, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 25 септември 2018 година во повеќе наврати ги објави резултатите од испитувањето на јавното мислење во врска со референдумот спроведено од агенцијата „Рејтинг", а нарачано од 1 ТВ, откако заврши дозволениот период за нивно емитување, најдоцна пет дена пред датумот одреден за гласањето, односно во конкретниов случај до 24-ти септември 2018 година.

8. **Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), а во врска со член 45 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр.81/05), член 192 од Изборниот законик и точка 43 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, против радиодифузерот - Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето.

***Сектор за програмски работи***